X. 1989

4134 Централна правосудна књижница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр. 9

# СЛУЖ[...]
## НА СОЦИЈАЛ[...] МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Четврток, 28 септември 1989
Скопје
Број 35 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 370.000 динари. Овој број чини 8.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**625.**

Врз основа на член 376 став 1, алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 1 и 2 од Законот за помилување, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 22 септември 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Му се брише осудата на осуденото лице:

1. Аргиров Доне Благоја од Скопје.

II

Извршувањето на изречената казна затвор им се услови за 1 година на осудените лица:

1. Крлески Тодор Андон од с. Велгошти, во траење од 30 дена,
2. Банароски Сандре Љубе од Охрид, во траење од 2 месеци,
3. Касо Синан Јашар од Гостивар ,во траење од 2 месеци,
4. Апостолов Петруш Ванчо од с. Чифлик во траење од 2 месеци,
5. Муратов Рамадан Назим од с. Бикирлија, во траење од 2 месеци,
6. Митревски Павле Борис од Делчево, во траење од 3 месеци,
7. Здравевски Трајан Крсте од с. Дедебалци, во траење од 3 месеци,
8. Степевски Ристо Крсте од с. Велмеј, во траење од 3 месеци,
9. Ѓучковиќ Стамен Драгиша од Куманово, во траење од 6 месеци.

III

Извршувањето на изречената казна затвор му се услови за 3 години на осуденото лице:

1. Ристевски Ристо Владо од Битола, во траење од 3 месеци и 15 дена.

IV

Делумно се ослободуваат од натамошно извршување на изречената казна затвор осудените лица:

1. Гелдарис Георгиос Јоанис од с. Катаре, во траење од 6 месеци,
2. Зафировски Славко Благоја од Скопје, во траење од 9 месеци

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-1047
22 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански**, с. р.

**626.**

Врз основа на член 95-а од Законот за патишта („Службен весник на СРМ" бр. 15/80, 26/80, 18/82, 13/86 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИОТ НАДОМЕСТОК ШТО СЕ ПЛАЌА ЗА ДРУМСКИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА

Член 1

Во Одлуката за висината на посебниот надоместок што се плаќа за друмските моторни возила („Службен весник на СРМ" бр. 14/86, 10/87, 15/88, 49/88 и 17/89) во член 2, став 1 во точката 1 бројот „13.000" се заменува со бројот „45.000", а во точка 2 бројот „1.600" се заменува со бројот „5.100".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија".

Бр. 23-1829/1
22 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р

**627.**

Врз основа на член 4 од Одлуката за користење на средствата што се издвојуваат на посебна сметка на име надоместок за развој на рудниците за јаглен („Службен весник на СРМ" бр.22/85), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПОЗАЈМИЦА ЗА ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Член 1

На Републичкиот комитет за индустрија и енергетика му се одобрува позајмица за геолошки истражувања на минерални суровини односно за измирување на пристигнатите обврски по Програмата за 1989 година од средствата што се издвојуваат на посебна сметка на име надоместок за развој на рудниците за јаглен во износ од 1.000.000.000 динари.

Член 2

Средствата од член -1 на оваа одлука се даваат на корисникот со обврска за враќање по остварувањето на приходите од камати по кредити од средствата на ОПЗ што се водат кај Народната банка на Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-1876/1
15 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

**628.**

Врз основа на член 21 став 1 од Уредбата за највисоките износи на патните, дневните и другите трошоци на работниците во републичките органи на Управата („Службен весник на СРМ" број 36/81, 27/85, 43/86 и 1/88), а во врска со член 27 став 1 точка 3 од Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/87), Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО

1. Надоместокот на трошоците за одвоен живот од семејството на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации, на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието се утврдува во износ од 1.200.000 динари месечно.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 17-1415 од 22. 6. 1989 година.

3. Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 септември 1989 година.

Бр. 17-1883
15 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за кадровски
и административни прашања
на Извршниот совет,
д-р **Тито Беличанец**, с. р.

**629.**

Врз основа на член 10 од Уредбата на највисоките износи на патните, дневните и другите трошоци на работниците во републичките органи на Управата („Службен весник на СРМ" број 36/81, 27/85, 34/86, 41/88) а во врска со член 27 став 1 точка 1 од Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ" број 28/87), Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА ДНЕВНИЦИТЕ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА НА РАБОТНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ШТО ГИ ИМЕНУВА ОДНОСНО НАЗНАЧУВА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Висината на дневниците за службено патување, на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации, и на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, изнесува и тоа:

— 200.000 динари за службено патување надвор од Републиката;

— 120.000 динари за службено патување во Републиката.

2. Ако за време на службеното патување се користи ноќевање, на работниците им се признаваат трошоците за ноќевање во полн износ, врз основа на приложена сметка, со исклучок на хотел „де лукс" категорија.

3. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 17-1414 од 22 јуни 1989 година.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1884
15 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за кадровски
и административни прашања
на Извршниот совет,
д-р **Тито Беличанец**, с. р.

**630.**

Врз основа на член 40 став 4 од Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди („Службен весник на СРМ" бр. 41/85 и 45/86), а во врска со член 4 став 2 од Правилникот за начинот и роковите за усогласување на месечните парични примања на корисниците на права според Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди („Службен весник на СРМ" бр. 25/88), претседателот на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика донесува

## НАРЕДБА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА ОСНОВИЦИТЕ ОД КОИ СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ МЕСЕЧНИТЕ ПАРИЧНИ ИЗНОСИ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПРАВА СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА ЗАШТИТА НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ВО 1989 ГОДИНА

1. Основиците од кои се определува инвалидскиот додаток, надоместокот за помош и нега од друго лице и материјалното обезбедување за време на професионална рехабилитација во износ од 126.100 дин. и 106.180 дин., утврдени со Наредбата за утврдување на конечниот износ на основиците од кои се определуваат месечните парични износи на корисниците на права според Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди во 1988 година („Службен весник на СРМ", бр. 15/89), од 1 јануари 1989 година се зголемуваат за 304,2% и изнесуваат:

| | |
|---|---|
| — основицата од која се определува инвалидскиот додаток за корисниците кои немаат приходи, надоместокот за помош и нега од друго лице и материјалното обезбедување за време на професионална рехабилитација | 509.700 |
| — основицата од која се определува инвалидскиот додаток за корисниците кои имаат приходи | 429.180 |

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 13-5236
7 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за труд,
здравство и социјална политика,
д-р **Јанко Обочки**, с. р.

**631.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 5 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 19 од Правилникот за правата на инвалидите на трудот со преостанатата работна способност во Работната организација Рудници за олово и цинк „Саса“ — Македонска Каменица, донесен од Работничкиот совет на 13 ноември 1984 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената работна организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружениот труд во Штип со предлог, поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на член 19 од правилникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што со него надоместокот поради помал личен доход се утврдувал во помал износ за работниците кај кои инвалидноста настанала како последица на повреда надвор од работното место, што било во несогласност со членот 213 став 1 од Уставот на СР Македонија и што било во спротивност со членовите 35 и 38 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување и со членовите 37 и 39 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

4. На седницата Судот утврди дека, согласно член 17 од Правилникот, работникот кој врз основа на преостанатата работна способност е распореден на други работи и работни задачи на кои остварува помал личен доход од личниот доход што би го остварил на работите и работните задачи на кои работел пред настанување на инвалидноста, има право на паричен надоместок поради помал личен доход. Во оспорениот член 19 од Правилникот предвидено е надоместокот поради помал личен доход да се определува во висина од 100% кога инвалидноста настанала како последица на повреда на работа или професионално заболување и 80% кога инвалидноста настанала како последица на болест или повреда вон работата.

5. Согласно член 33 став 1 од Законот за основните права на пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 23/82 и 75/85) инвалидност во смисла на овој закон постои кога кај осигуреникот поради трајни промени во здравствената состојба причинети со повреда при работа, професионална болест, со повреда надвор од работата или со болест, што не можат да се отстранат со лекување или со мерка на медицинска рехабилитација, ќе настане намалување или загубување на работната способност за вршење на работите односно работните задачи на кои бил распореден и што ги вршел пред настанувањето на инвалидноста, како и за вршење на работите односно работните задачи во организацијата на здружениот труд што одговараат на неговата стручна подготовка односно работна способност стекната со работа. Понатаму, според член 34 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ број 18/85 и 4/89) осигуреникот со преостанатата работна способност кај кого е утврдено дека не е способен да ја врши својата работа со полно, ниту со помалку од полното работно време, а е способен да врши друга соодветна работа со полно работно време има право на распоредување на други соодветни работи и работни задачи. Согласно член 37 став 3 од тој Закон, пак, осигуреникот кој е распореден на други соодветни работи и работни задачи има право на паричен надоместок во висина на разликата меѓу чистиот личен доход што би го остварил на поранешните работи и работни задачи и чистиот доход што го остварил на работите и работните задачи на кои е распореден.

Од изнесените законски одредби произлегува дека при утврдувањето на правото по основ на инвалидност Законот не прави разлика во обемот на остварувањето на правото по основ на преостаната работна способност во зависност од тоа дали инвалидноста настанала со повреда на работното место, со професионално заболување, надвор од работното место или со болест. Исто така, за преостанатата работна способност се утврдува паричен надоместок во висина на разликата меѓу чистиот личен доход што работникот би го остварил на поранешните работи и работни задачи и чистиот личен доход што го остварува на работи и работни задачи на кои е распореден, без притоа, да прави разлика дали распоредувањето настанало поради повреда на работникот на работното место, поради професионално заболување или на друг начин.

Со оглед на тоа што со оспорениот член 19 од Правилникот надоместокот поради помал личен доход се утврдува во помал износ за работниците кај кои инвалидноста настанала како последица на повреда надвор од работното место, Судот утврди дека тој член е во спротивност со означените законски одредби.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 112/89
5 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

---

**632.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 12 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Аналитичката процена на работите и работните задачи, донесена од Работничкиот совет на Основната организација на здружен труд „Преработка на дрво“ во Берово во состав на „Треска Огражден“ во Берово на седницата одржана на 30 јуни 1988 година — составен дел на Правилникот за распределба на средствата за лични доходи, донесен со референдум на 8 јуни 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената организација на здружен труд на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У бр. 172/88 од 7 јуни 1989 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што работничкиот совет извршил корекција на бодовите во Аналитичката процена на околу 100 работни места, што не било во согласност со Уставот односно било во спротивност со Законот.

4. На седницата Судот утврди дека во член 39 од Правилникот е предвидено придонесот на работникот во работата да се утврдува зависно од квалитетот и квантитетот во работата и од сложеноста, одговорноста, условите за работа и работното искуство. Понатаму, Судот утврди дека Аналитичката процена е донесена од работничкиот совет и во неа се утврдени бодови во вкупен износ за предвидените работи и работни задачи.

5. Согласно начелото на распределба според трудот и резултатите од трудот утврдено во член 22 од Уставот на СР Македонија и во член 92 став 1 од Законот за здружениот труд на секој работник му припаѓа од доходот на организацијата на здружениот труд личен доход според резултатите на неговиот труд и личниот придонес што со својот тековен и минат труд го дал во зголемувањето на доходот на основната организација, а според член 23 од

Уставот, член 93 став 1 и член 433 од Законот за здружениот труд работниците со референдум ги утврдуваат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи.

Според тоа самоуправно право ,но и обврска е на работниците со референдум да утврдат не само основи, туку и мерила по секои од тие основи заради обезбедување на начелото на распределба според трудот и резултатите од трудот.

Со оглед на тоа што Аналитичката процена за вреднување на работите и работните задачи е донесена од работничкиот совет, а не со референдум и што во неа мерилата по предвидените основи се утврдени во вкупен износ, Судот утврди дека тоа не е во согласност односно е во спротивност со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

У. бр. 172/88
12 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**633.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 6 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Правилникот за систематизација на работите и работните задачи во Основната организација на здружениот труд „Оперативa" во Скопје, во состав на Градежната работна организација „Бетон" во Скопје, донесен на 13 јуни 1988 година, во делот во кој како услов за извршување на работите и работните задачи на референт по заштита и противпожарна заштита е предвиден и IV степен на стручна подготовка — градежен техничар.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената основна организација на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 148/88 од 24 мај 1989 година, поведе постапка за оценување законитоста на одредбите од правилникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за неговата спротивност со Законот за заштита од пожари и со Законот за заштита на работа.

4. На седницата Судот утврди дека во означениот правилник како посебни услови за извршување на работите и работните задачи референт по заштита и противпожарна заштита се предвидени VI степен на стручна подготовка — инженер за заштита на работа и IV степен на стручна подготовка градежен техничар.

Според член 40 став 1 точка 3 од Законот за заштита на работа („Службен весник на СРМ" бр. 17/87 и 51/88) работните организации од областа на стопанството организираат служба за заштита на работа со најмалку еден извршител со висока или виша стручна подготовка за заштита при работа или соодветна на видот на дејноста на организацијата, а според член 34 од Законот за заштита од пожари („Службен весник на СРМ" бр. 43/86 и 51/88) организациите на здружениот труд се должни да формираат служба за заштита од пожари или да одредат работник кој ќе се грижи за спроведување на мерките за заштита од пожари, кој мора да има најмалку IV степен на стручна подготовка за занимањето противпожарен техничар.

Со оглед на тоа што со оспорените одредби од Правилникот е предвидено работите и работните задачи на заштита на работа и противпожарна заштита да може да ги врши и работник со IV степен на стручна подготовка — градежен техничар, Судот утврди дека овој дел од Правилникот е во спротивност со означените законски одредби.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 148/88
6 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**634.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 426 став 4 од Уставот на СР Македонија и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 6 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УТВРДУВА дека член 20 од Законот за привремените мерки на општествена заштита на самоуправните права и општествената сопственост („Службен весник на СРМ" бр. 22/85) престанал да важи на 23 јуни 1989 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

3. Уставниот суд на Македонија, со одлука У. бр. 263/85 од 1 декември 1988 година, утврди дека член 20 од Законот означен во точката 1 од оваа одлука не е во согласност со член 47, член 126 став 3, член 145, член 170 став 3 и 4, член 206 став 3, член 210 и член 251 од Уставот на СР Македонија и со Амандманот I став 3 на Уставот, затоа што во него се предвидени ограничувања на определени права на работните луѓе што настапуваат по сила на законот како правни последици поради преземени привремени мерки спрема организациите на здружениот труд во кои работат, независно од нивната лична одговорност за состојбите во тие организации.

4. Означената одлука му е доставена на Собранието на СР Македонија на 22 декември 1988 година, кога започна да тече рокот за усогласување од 6 месеци, утврден во член 426 став 2 од Уставот на СР Македонија, во кој тоа беше должно да ја усогласи означената законска одредба со Уставот.

Со оглед на тоа што рокот за усогласување истече, а Собранието на СР Македонија, во смисла на член 426 став 3 од Уставот, не побара од Уставниот суд на Македонија да го продолжи рокот за усогласување, Судот, согласно член 426 став 4 од Уставот, утврди дека одредбата од член 20 од Законот престанала да важи на 23 јуни 1989 година.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 263/85
6 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**635.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 6 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за распишување на референдум за лично изјаснување на граѓаните од населбата „Балканска" во Месната заедница „Македонка" во Штип за издвојување средства по пат на

самопридонес за обновување на електричната инсталација, донесена од Советот на Месната заедница „Македонка“ во Штип на 10 октомври 1986 година, врз основа на која граѓаните на референдум одржан на 25 октомври 1986 година се изјасниле за воведување на самопридонесот.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената месна заедница на начин определен за објавување на општите акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 193/88 од 5 јули 1989 година, поведе постапка за оценување законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нејзината спротивност со Законот за општите начела на самопридонесот и со Законот за општите начела за референдумот и за другите облици на одлучување со лично изјаснување.

4. На седницата Судот утврди дека со оспорената одлука како обврзници на самопридонесот се предвидени семејните домаќинства односно куќи, а неговата висина е различно определена, во зависност од тоа дали се работи за семејни домаќинства кои имаат или немаат приклучок за електрична енергија. Исто така, Судот утврди дека на собирот на работните луѓе и граѓаните одржан на 11 јануари 1986 година, на кој се расправало за иницијативата за обезбедување средства од граѓаните за изградба на електрична мрежа, не присуствувале мнозинство на работните луѓе и граѓаните од населбата „Балканска“.

Согласно член 8 и член 10 став 1 од Законот за општите начела на самопридонесот („Службен весник на СРМ“ бр. 27/78) обврзници на самопридонесот се работните луѓе и граѓаните што имаат живеалиште на подрачјето за кое се воведува самопридонесот, а неговата висина се определува сразмерно на нивните лични доходи односно приходи. Според член 14 став 2 од овој закон иницијативата за воведување самопридонес се претресува на собир на работните луѓе и граѓаните што го свикува советот на месната заедница, а според став 3 на овој член, ако иницијативата биде прифатена од собирот на работните луѓе и граѓаните, советот на месната заедница донесува акт за распишување на референдум за воведување на самопридонесот.

Согласно член 17 став 1 од Законот за општите начела за референдумот и за другите облици на одлучување со лично изјаснување („Службен весник на СРМ“ бр. 19/79) на собирот може да се одлучува ако се присутни мнозинството од вкупниот број работни луѓе и граѓани во месната заедница односно во нејзин дел.

Со оглед на тоа што Советот на Месната заедница ја донел оспорената одлука иако на собирот на кој се расправало за иницијативата за воведување на самопридонесот не присуствувале мнозинството од работните луѓе и граѓаните во населбата и со оглед на тоа што како обврзници на самопридонесот се определени семејните домаќинства односно куќи, а не работните луѓе и граѓаните односно, со што и неговата висина не е определена сразмерно на нивните лични доходи односно приходи, Судот утврди дека таа е во спротивност со означените одредби од наведените закони.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 193/88
6 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**636.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 13 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 9 од Аналитичката процена за појдовните вредности на работните задачи, составен дел на Правилникот за распределба на средствата за лични доходи на работниците во Заштитната работна организација за професионална рехабилитација и вработување на глуви, наглуви и други инвалидни лица „Светлост“ во Скопје, донесена со референдум на 28 јуни 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената работна организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У бр. 126/89 од 12 јули 1989 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбата од аналитичката процена означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нејзината согласност односно спротивност со член 22 од Уставот на СР Македонија и член 92 став 1 од Законот за здружениот труд.

4. На седницата Судот утврди дека со членот 9 од Аналитичката процена се определува намалување бројот на бодовите по подосновот — степен на потребното знаење на основот сложеност, ако работникот не го исполнува повисокиот степен на стручна подготовка за извршување на работите и работните задачи за кои алтернативно се предвидени два степена на стручна подготовка.

5. Според член 22 од Уставот на СР Македонија и член 92 став 1 од Законот за здружениот труд личниот доход на работникот се утврдува според резултатите од неговиот труд, во согласност со начелото на распределба според трудот и резултатите од трудот.

Според мислењето на Судот, кога за вршење на одредени работи и работни задачи алтернативно се предвидени два степена на стручна подготовка, вреднувањето на тие работи и работни задачи по основот сложеност, во кои спаѓа и подосновот стручна подготовка, треба еднакво да се вреднува, затоа што работниците во тој случај утврдиле дека сложеноста на тие работи и работни задачи е таква што може со успех да ја врши секој од работниците што има еден од алтернативно предвидените степени на стручна подготовка.

Со оглед на тоа што со членот 9 од Аналитичката процена е предвидено различно да се вреднуваат исти работи и работни задачи за чие извршување алтернативно се предвидени два степена на стручна подготовка, Судот утврди дека тој не е во согласност односно е во спротивност со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 126/89
13 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**637.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 13 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 11 точка 4 од Одлуката за основање на орган на управата на општина Прилеп, донесена од Собранието на општина Прилеп на 2 ноември 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во „Службен гласник на општина Прилеп“.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод поднесена иницијатива, со решение У. бр. 93/89 од 21 јуни 1989 година поведе постапка за оценување законитоста на член 11 точка 4 од Одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нејзината спротивност со Законот за организација и финансирање на Службата за општествени приходи на Социјалистичка Република Македонија.

4. На седницата Судот утврди дека во член 11 точка 4 од Одлуката е предвидено за вршење на работите на управата во рамките на правата и должностите на општината, покрај другото, да се формира секретаријат за финансии, во чии состав е и управата за општествени приходи.

Според член 3 став 2 од Законот за организација и финансирање на Службата за општествени приходи на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 42/68 и 42/76) орган на управата за приходи на општината е посебен самостоен орган.

Со оглед на тоа што во член 11 точка 4 од Одлуката е предвидено дека општинскиот орган на управата за општествени приходи е во состав на секретаријатот за финансии, а не е утврден како самостоен орган на управата, Судот утврди дека тој е во спротивност со означената законска одредба.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 142/89
13 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**638.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 13 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 41 став 2 од Правилникот за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка, донесен од работниците во Здравствениот дом „Гоце Делчев" во Делчево, со референдум одржан на 25 септември 1987 година, а изменет и дополнет на 21 декември 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означениот Здравствен дом на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 65/89 од 31 мај 1989 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на оспорената одредба од правилникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што за обезбедување на континуирана здравствена заштита е предвидено воведување на приправност, а надоместок да се плаќа само ако работниците за кои е предвидена приправност бидат повикани за извршување на одредени работи и работни задачи, поради што пред Судот се постави прашањето за нејзината согласност односно спротивност со Уставот и законот.

4. Судот на седницата утврди дека во став 1 на член 41 од Правилникот е предвидено Работничкиот совет со одлука да може да воведе приправност за одделни стручни кадри и други работници во Здравствениот дом по работното време, заради обезбедување континуирана здравствена заштита. Во оспорениот став 2 на овој член е предвидено дека за извршената работа на работниците кои ќе бидат ставени во приправност по работното време ќе им се исплатува надоместок за прекувремена работа, ако бидат повикани од лекарот кој е на работа или од директорот.

Согласно член 133 од Законот за здружениот труд, работниците слободно и рамноправно ги утврдуваат меѓусебните права, обврски и одговорности од трудот со самоуправен општ акт, од што, според мислењето на Судот, произлегува и правото на работниците во здравствените организации, со цел за редовно и нормално извршување на работите и работните задачи кои произлегуваат од природата на нивната дејност, покрај другото, да предвидат и можност за воведување на приправност на одделни работници и за тоа да утврдат и соодветен надоместок.

Притоа, Судот смета дека предвидувањето определени работници во здравствените организации да бидат во „приправна состојба" и по работното време всушност претставува работна обврска што се изразува со постојана подготвеност на работникот за извршување на конкретни работи и работни задачи, за што согласно уставното начело на распределба според трудот и резултатите од трудот утврдено во член 22 од Уставот на СР Македонија му припаѓа и соодветен надоместок при определувањето на личниот доход.

Со оглед на тоа што според оспорената одредба од Правилникот е предвидено плаќање на посебен надоместок за приправност само доколку работникот биде повикан на работа, а не и за времето за кое е обврзан да биде во приправност, Судот утврди дека таа не е во согласност односно е во спротивност со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 65/89
13 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**639.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 алинеја 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 6 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 29 од Правилникот за решавање на станбените потреби на работниците во Основната организација на здружениот труд „Големопродажба" во Скопје, во состав на Трговската организација „Центро" во Скопје, донесен со референдум на 16 декември 1986 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената основна организација на здружениот труд на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружениот труд Скопје, со предлог поднесен на Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на член 29 од правилникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што не содржи објективизирани основи и мерила за вреднување на квалитетот на работата на работниците како еден од основите за утврдување редот на првенство за доделување стан на користење.

4. На седницата Судот утврди дека во член 29 од означениот правилник е предвиден квалитетот на работата како еден од основите за утврдување редот на првенство за доделување стан на користење, при што работникот за постигнат натпросечен квалитет во работата добива 70 бода, а за просечен квалитет 50 бода. Понатаму, предвидено е дека за квалитетот на работата се произнесува работничкиот совет од претходно прибавените стручни предлози од непосредните раководители и синдикатот.

5. Согласно член 42 став 2 и член 43 став 1 од Законот за станбените односи — пречистен текст („Службен весник на СРМ" бр. 48/88) самоуправно

право е на работниците во основната организација на здружениот труд да ги утврдат основите и мерилата за определување редот на првенство во распределбата на станови на користење и станбени кредити. Во тие рамки, според мислењето на Судот, покрај основите што ја изразуваат социјално-економската состојба на работникот ,при чие утврдување работниците се раководат од начелото на заемност и солидарност, треба, тргнувајќи од член 13 став 1 од Уставот на СР Македонија, според кој трудот и резултатите од трудот ја определуваат материјалната и општествената положба на човекот врз основа на еднакви права и одговорности, да утврдуваат и такви основи преку кои се изразува придонесот на работникот во работата.

Согласно член 23 од Уставот на СР Македонија и член 93 од Законот за здружениот труд работниците во основната организација на здружениот труд се должни да ги утврдат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи, преку кои се изразуваат и мерат резултатите од трудот и личниот придонес на секој работник што со својот тековен и минат труд го дал во зголемувањето на доходот на основната организација.

Според мислењето на Судот, обврската за утврдување на основите и мерилата за изразување и мерење на резултатите од трудот и личниот придонес на работниците во работата се однесува на уредувањето на сите односи во кои остварувањето на правата на работниците зависи од нивните резултати во работата и од нивниот личен придонес, па и во областа на распределбата на станови и станбени кредити.

Со оглед на тоа што во оспорениот член 29 од означениот правилник не се утврдени објективизирани основи и мерила за изразување и мерење на квалитетот на работата како еден од елементите на придонесот на работникот и како еден од основите за определување редот на првенство за доделување стан на користење или на станбен кредит, туку е оставено тој да се изразува и да се мери преку слободната оценка на непосредните раководители односно на работничкиот совет, Судот оцени дека тој не е во согласност односно е во спротивност со наведените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното Судот утврди како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 114/89
6 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**640.**

Врз основа на член 18 од Законот за здружување во Стопанската комора на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 6/79 и 50/87), член 56 од Статутот на Стопанската комора на Македонија и точка VI од Одлуката за утврдување на основица и стапка за пресметување придонес за Стопанската комора на Македонија, Собранието на Комората, на седницата одржана на 15 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦА И СТАПКА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

I

Во Одлуката за утврдување на основица и стапка за пресметување на придонесот за Стопанската комора на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 50/88) во точка I, точката на крајот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „зголемен за искажаните износи во образецот „Биланс на успехот“ во делот Деловни расходи и тоа: вкалкулирани резервирања на материјални трошоци, вкалкулирани резервирања на трошоците на финансирање на дејностите, премии за осигурување, трошоци на камати и ревалоризација на динарски обврски и негативни курсни разлики“.

II

Организациите од точка 1 на оваа одлука придонесот го уплатуваат како месечна аконтација, а конечна пресметка и уплата на придонесот вршат со усвојување на годишната пресметка.

Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од став 1 на оваа точка се утврдува на начин утврден во член 17 став 2 од Законот за данокот на доход на организациите на здружен труд.

III

Во точка IV став 1, зборот „10-ти“ се заменува со зборот „15-ти“.

IV

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 08-3297/3
15 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на
Стопанската комора,
**Радослав Вељановски**, с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**279.**

Врз основа на член 31 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87 и 4/89) и член 45 од Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 22/89), Извршниот одбор на Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 14 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА АКОНТАТИВНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ И ПАРИЧНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ СО ДВИЖЕЊЕТО НА НОМИНАЛНИТЕ ЛИЧНИ ДОХОДИ ВО РЕПУБЛИКАТА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Старосните, инвалидските и семејните пензии без додаток на пензијата, минималните старосни и семејни пензии остварени според Законот за старосното осигурување на земјоделците, материјалното обезбедување на вдовица односно вдовец, паричните надоместоци за пензија остварени во странство и паричните надоместоци во врска со правото на преквалификација или доквалификација и соодветно вработување на инвалидите на трудот со преостаната работна способност и привремениот надоместок до вработување на деца со пречки во физичкиот и

психичкиот развој, аконтативно се усогласуваат со порастот на номиналните лични доходи во 1989 година за 23 насто.

Процентот на усогласување на пензиите и другите пензиски примања усогласени според оваа одлука и одлуките за аконтативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 9/89, 19/89, 23/89, 26/89 и 32/89) сметано од 1 јануари 1989 година изнесува 465,8 насто.

Усогласувањето од став 1 на овој член припаѓа од 1 јануари 1989 година.

Член 2

Како основица за определување на усогласувањето од член 1 став 1 на оваа одлука претставува износот на пензијата, материјалното обезбедување, односно паричниот надоместок усогласен според Одлуката за аконтативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 32/89).

Член 3

На учесниците од НОВ од пред 9 септември 1943 година на кои пензијата им е определена од гарантираната пензиска основа усогласувањето од член 1 на оваа одлука ќе се изврши на износот на гарантираната пензија.

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука ќе се изврши и на пензиите определени според пензискиот стаж и личниот доход на корисниците со право на најнизок износ на пензија и додаток на пензијата.

Член 4

Со процентот од член 1 на оваа одлука се усогласуваат и највисоките пензии остварени заклучно со 30 јуни 1989 година.

Највисоките пензии остварени по 30 јуни 1989 година се зголемуваат до износот на пензијата определена врз основа на остварените лични доходи и навршениот пензиски стаж, но најмногу до износот на највисоката пензија во 1989 година зголемен за процентот од член 1 на оваа одлука.

Член 5

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа на сите пензии, освен на пензиите на корисниците чија последна година од работата во смисла на член 25 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување е 1989 година, односно во чија пензиска основа се засметани целосно или делумно личните доходи, односно основици на осигурување остварени во 1989 година.

Член 6

Дел од усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа и на пензиите на работниците во органите на управа надлежни за внатрешни работи и семејните пензии изведени по таа основа сразмерно на бројот на месеците од 1989 година во која примале пензија согласно член 137 став 2 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на СРМ“ бр. 37/80 и 24/88), како и на пензиите на работниците во казнено-поправните и воспитно-поправните домови и семејните пензии изведени по таа основа сразмерно на бројот на месеците од 1989 година во која примале пензија согласно член 73-а од Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи („Службен весник на СРМ“ бр. 19/79 и 35/86).

Член 7

Пензијата со додатокот на носителот на „Партизанска споменица 1941“ со усогласувањето од член 1 на оваа одлука не може да го надмине износот определен според член 9 став 3 од Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941“.

Член 8

При постоење на повеќе корисници на семејна пензија по едно решение се сметаат како еден корисник, кога се работи за усогласување на пензијата според оваа одлука.

Член 9

Усогласувањето на пензиите и паричните надоместоци според оваа одлука ќе се изврши по службена должност, без донесување на решение.

Член 10

При конечното усогласување на пензиските примања ќе се земе предвид и усогласувањето според оваа одлука.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 16-2583/1
14 септември 1989 година
Скопје

Претседател,
**Никола Илиоски**, с. р

**280.**

Врз основа на член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 4/89) и член 45 од Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 22/89), Извршниот одбор на Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 14 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА НАЈНИЗОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА ОД 1 СЕПТЕМВРИ 1989 ГОДИНА

Член 1

Најнискиот износ на старосна пензија од 1 септември 1989 година се утврдува:

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 35 години (маж), односно над 30 години (жена), во висина од 1.850.000 динари;

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 25 години (маж), односно над 20 години (жена), во висина од 1.550.000 динари;

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж до 25 години (маж), односно до 20 години (жена), во висина од 1.300.000 динари.

Член 2

Најнискиот износ на инвалидска пензија од 1 септември 1989 година се утврдува:

— за корисниците кои пензијата ја оствариле врз основа на инвалидност настаната со повреда на работа или професионална болест како и за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 30 години (маж), односно 25 години (жена), во висина од 1.850.000 динари;

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 25 години (маж), односно над 20 години (жена), во висина од 1.550.000 динари;

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж до 25 години (маж), односно до 20 години (жена), во висина од 1.300.000 динари.

Член 3

Најнискиот износ на семејна пензија се утврдува во висина на најнискиот износ на старосна односно најнискиот износ на инвалидска пензија во зависност од основата од која е определена семејната пензија.

Член 4

Исплатата на најнискиот износ на пензија според оваа одлука ќе се врши по службена должност, без донесување на решение.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за најнизок износ на пензија од 14 август 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 32/89).

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 16-2584/1
14 септември 1989 година
Скопје

Претседател,
**Никола Илиоски,** с. р.

**281.**

Врз основа на член 29 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87 и 4/89) и член 45 од Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 22/89), Извршниот одбор на Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 14 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ГРАНИЧНИОТ ИЗНОС НА НАЈНИСКОТО ПЕНЗИСКО ПРИМАЊЕ ОД 1 СЕПТЕМВРИ 1989 ГОДИНА

Член 1

Граничниот износ на најниското пензиско примање кој служи за определување додаток на пензијата од 1 септември 1989 година се определува во висина од 1.850.000 динари.

Член 2

На досегашните корисници на додаток на пензијата по службена должност ќе им се определи нов износ на додаток на пензијата според износот од член 1 на оваа одлука.

Член 3

При признавањето право на додаток на пензијата се зема предвид граничниот износ на најниското пензиско примање определено со оваа одлука и усогласената пензија определена според стажот и личниот доход согласно донесените одлуки за усогласување на пензиите до денот на признатото право

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 септември 1989 година.

Бр. 16-2585/1
14 септември 1989 година
Скопје

Претседател,
**Никола Илиоски,** с. р

**282.**

Врз основа на член 69, 70 и 71 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84, 33/86 и 22/89), Извршниот одбор на Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 14 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И ИСХРАНА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХИЧКИОТ И ФИЗИЧКИОТ РАЗВОЈ И ИНВАЛИДИТЕ НА ТРУДОТ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за определување на надоместокот на трошоците за сместување и исхрана на деца и младинци со пречки во психофизичкиот развој и инвалидите на трудот („Службен весник на СРМ“ бр 19/89), член 4 се менува и гласи:

„Висината на надоместокот за сместување и исхрана на младинци со пречки во психичкиот и физичкиот развој заради стручно односно работно оспособување, односно преквалификација или доквалификација на инвалидите на трудот, месечно изнесува по еден корисник, и тоа:

| Ред. број | Организација | Трошоци за исхрана со интернатско сместување |
|---|---|---|
| 1. | Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин“ Битола | 709.600 |
| 2. | Завод за професионална рехабилитација на младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ — Скопје | 728.700 |
| 3. | Завод за рехабилитација на деца и младинци — Скопје | 888.100 |
| 4. | Центар за професионална рехабилитација на младинци со оштетен слух „25 мај“ — Скопје | 700.400 |
| 5. | Центар за рехабилитација и образование „Македонија“ — Скопје | 700.400 |
| 6. | Центар за специјално насочено образование „Искра“ — Штип | 700.400 |
| 7. | Работна организација за основно образование на деца со лесна и умерена попреченост во психофизичкиот развој со ученички дом „25 Мај“ с. Ново Село | 700.400“ |

Член 2

Во член 6 бројката „114.300“ се заменува со бројката „194.700“, а бројката „129.100“ со бројката „220.000“.

Член 3

Во член 7 бројката „259.070“ се заменува со бројката „441.400“.

Член 4

Во член 8 бројката „87.630“ се заменува со бројката „149.300“.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 16-2586/1
14 септември 1989 година
Скопје

Претседател,
**Никола Илиоски,** с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

**283.**

Врз основа на член 116 став 2 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83, 43/85, 50/87 и 27/88), Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за здравствена заштита, на заедничка седница на сите собори, одржана на 26 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УЧЕСТВО НА КОРИСНИЦИТЕ ВО ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во член 2 став 1 од Одлуката за учеството на корисниците во трошоците за здравствена заштита („Службен весник на СРМ““ број: 44/88, 14/89 и 24/89) се вршат следните измени:

— во точка 1 бројката „1500“ се заменува со бројката „3000“;

— во точка 2 бројката „1400“ се заменува со бројката „3000“;

— во точка 3 бројката „2500“ се заменува со бројката „5000“;

— во точка 4 бројката „2500“ се заменува со бројката „5000“;

— во точка 27 бројката „1500“ се заменува со бројката „3000“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“

Бр. 08-1866/1
26 септември 1989 година
Скопје

Претседател,
д-р **Кирил Апостолов,** с. р.

**284.**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 33/85), Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за здравствена заштита на седницата на Соборот на делегатите на корисниците на услуги — работници од 26 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈНИСКИОТ ИЗНОС НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП НА КОРИСНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

I

Со оваа одлука се утврдува најнискиот износ на надоместокот на трошоците за закоп на корисниците на здравствена заштита.

II

Височината на надоместокот на трошоците за закоп на корисниците на здравствена заштита не може да биде помала од:

1. во случај на смрт на дете до едногодишна возраст, 397.600 динари;

2. во случај на смрт на дете над една до седумгодишна возраст, 632.400 динари;

3. во случај на смрт на дете над седум до петнаесетгодишна возраст 871.900 динари; и

4. во случај на смрт на корисник на здравствена заштита на возраст над 15 години, 1.130 600 динари.

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

IV

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на најнискиот износ на надоместокот на трошоците за закоп на корисниците на здравствена заштита 08-2385/1 од 26 декември 1988 година.

Бр. 08-1873/1
26 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Републичката СИЗ
за здравствена заштита
д-р **Кирил Апостолов,** с. р.

Претседател
на Соборот на корисници
на услуги — работници,
**Христо Апостолоски,** с. р.

**285.**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 1 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 33/85), Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за здравствена заштита, на седницата на Соборот на делегатите на корисниците на услуги — работници, одржана на 26 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЈНИСКИОТ ИЗНОС НА ДНЕВНИЦИТЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА КОИ СЕ УПАТУВААТ НА ПРЕГЛЕД И ЛЕКУВАЊЕ ВО ДРУГО МЕСТО

I

Со оваа одлука се утврдува најнискиот износ на дневниците на корисниците на здравствена заштита кои се упатуваат на преглед и лекување во друго место надвор од подрачјето на општинската заедница на која ѝ припаѓа.

II

Висината на дневниците на корисниците на здравствена заштита кои се упатуваат на преглед и лекување во друго место надвор од подрачјето на заедницата на која и припаѓа изнесува, и тоа:

1. ако се упатува во местото на територијата на СР Македонија, 28.700 динари;

2. ако се упатува во место надвор од територијата на СР Македонија, 33.500 динари.

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

IV

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување најнискиот износ на дневниците на корисниците на здравствена заштита кои се упатуваат на преглед и лекување во друго место, бр. 08-2405/1 од 26 декември 1988 година.

Бр. 08-1872/1
26 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Републичката СИЗ
за здравствена заштита
д-р **Кирил Апостолов,** с. р.

Претседател
на Соборот на корисници
на услуги — работници,
**Христо Апостолоски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — КРУШЕВО

**286.**

Врз основа на член 225-ѓ од Статутот на СИЗ на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84, 36/86 и 22/89) и член 26 од Статутот на Основната СИЗ на пензиското и инвалидското осигурување — Крушево, Собранието на Основната СИЗ на пензиското и инвалидското осигурување — Крушево, на седницата одржана на 14 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРЕСТАНОК НА ОСНОВНАТА СИЗ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КРУШЕВО

Член 1

Основната СИЗ на пензиското и инвалидското осигурување — Крушево, престанува со работа сметано од 15. IX. 1989 година

Член 2

Правата, обврските и одговорностите на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување и управувањето со средствата од обласга на инвалидската заштита и општествениот стандард на корисниците на пензија се пренесуваат на СИЗ на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-212/3
14 септември 1989 година
Крушево

Претседател,
**Б. Тироски,** с. р.

ОСНОВНА ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ОХРИД

**287.**

Врз основа на член 225-ѓ на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84, 36/86 и 22/89) и член 63 од Статутот на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување — Охрид, Собранието на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување — Охрид, на седницата одржана на 12 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПРЕСТАНОК НА ОСНОВНАТА ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ВО ОХРИД

Член 1

Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување во Охрид престанува со работа сметано од 9. IX. 1989 година.

Член 2

Правата, обврските и одговорностите на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување и управувањето со средствата од областа на инвалидската заштита и општествениот стандард на корисниците на пензија се пренесуваат на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 03-2763
12 септември 1989 година
Охрид

Претседател,
**Стрезо Стаматоски,** с. р.

ОСНОВНА ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ — РЕСЕН

**288.**

Врз основа на член 225-ѓ од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84, 36/86 и 22/89) и член 63 од Статутот на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување — Ресен, Собранието на Основната заедница на ПИО — Ресен, на седницата одржана на 13 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПРЕСТАНОК НА ОСНОВНАТА ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ — РЕСЕН

Член 1

Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување во Ресен престанува со работа сметано од 9 септември 1989 година.

Член 2

Правата, обврските и одговорностите на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување и управувањето со средствата од областа на инвалидската заштита и општествениот стандард на корисниците на пензија се пренесуваат на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-67/1
13 септември 1989 година
Ресен

Претседател,
**Боре Цветковски,** с. р

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Општинскиот суд Скопје I — Скопје објавува дека се води спор за исполнување на договор за купопродажба на недвижен имот меѓу тужителот Таир Асани од Скопје и тужениот Шакир Рајковиќ, со непознато место на живеење. Во смисла на член 84 од ЗПП, на тужениот му е поставен привремен застапник, адвокатот Стојанов Јордан од Скопје, кој ќе го застапува тужениот сè додека тој или неговиот полномошник не се појават пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, XII П бр. 1072/89.

---

Се повикува исчезнатото лице Симиќ Гора, роден во с. Сетоле, Тетовско, кој во книгите е заведен и како Павловски Ѓоре и Симовски Горо, со последно место на живеење во Скопје, ул. „Ленинова" бр. 63-А, порано „360" бр. 22, како и секој друг што знае за неговиот живот да се јави во судот во рок од 15 дена по објавувањето на огласот.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, Р. бр. 179/89. (141)

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје II — Скопје заведен е спор за издршка по тужбата на малолетните тужители Мирсада, Рената и Рамајана Али, застапувани од законскиот застапник мајката Али Ѓургана од Скопје, против тужениот Ќани Али од Скопје, сега со непозната адреса на живеење во СР Германија.

Се повикува тужениот Ќани Али да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на огласот и да ја достави адресата. Во спротивно, ќе биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, IV П. бр. 2340/89.

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за развод на брак по тужбата на Мамудије Синани, родена Исмани од с. Седларево, против тужениот Фелек Синани од с. Седларево, а сега со непозната адреса на живеење во СР Германија.

Се повикува тужениот да се јави во судот, да достави адреса или овласти полномошник кој ќе го застапува по оваа постапка. Во спротивно, по истекот на рокот од 30 дена, судот преку Центарот за социјални работи ќе му постави привремен застапник кој ќе го застапува во постапката до нејзиното окончување.

Од Општинскиот суд во Тетово. П. бр. 1193/89.

---

Пред овој суд се води спор за долг по тужбата на тужителот Сулејман Садики од Тетово, против тужените Узри Хусеини и Ејуп Хусеини.

Се повикува тужениот Узри Хусеини од с. Желино, а сега со непознато место на живеење, да се јави во Општинскиот суд во Тетово во рок од 15 дена по објавувањето на огласот, да достави своја адреса или постави свој полномошник. Во спротивно, судот ќе му постави полномошник кој ќе ги штити неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1158/89.

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Имери Шеман од с. Слатина, против тужената Имери род. Бислими Зумка од с. Слатина, сега со непозната адреса во Италија.

Се повикува тужената да достави адреса, овласти полномошник кој ќе ја застапува во оваа постапка до нејзиното окончување. Во спротивно, по истекот на рокот од 30 дена, судот преку Центарот за социјални работи во Тетово ќе ѝ постави привремен застапник кој ќе ја застапува во оваа постапка.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1159/89.

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за сопственост по тужбата на тужителот Перо и Петра Стаменковски против тужениот Стојан Коцев Трповски од Тетово, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Стојан Трповски во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави на судот, да достави адреса или овласти полномошник кој ќе го застапува во оваа постапка до нејзиното окончување.

По истекот на овој рок, судот ќе му постави привремен застапник преку Центарот за социјални работи — Тетово, согласно одредбите на ЗПП.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 389/89.

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за конституирање на службен пат по тужбата на тужителката Кочевска Трендафилја од Тетово, против тужениот Јовановски Димитрие од Лешок, а сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Јовановски Димитрие да се јави во судот, да достави адреса или овласти полномошник кој ќе го застапува во оваа постапка до нејзиното окончување.

Во спротивно, по истекот на рокот судот преку Центарот за социјална работа во Тетово, ќе му постави привремен застапник кој ќе го застапува во постапката до нејзиното окончување.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 966/89.

---

Пред овој суд е поведена постапка за уредување на меѓа по предлог на предлагачот Ристовски Вецо од с. Беловиште, против противникот Ристовски Косто од с. Беловиште, сега со непозната адреса на живеење во Канада.

Се повикува Ристовски Косто да се јави пред Општинскиот суд во Тетово, да достави своја адреса или постави свој полномошник во рок од 15 дена по објавувањето на огласот. Во спротивно, судот ќе му постави привремен застапник кој ќе ги штити неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, ВПС. бр. 393/89.

---

## РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 519 од 12. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр 3-1825-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Општинската самоуправна интересна заедница за водостопанство, Ц. О., Крива Паланка ул. „Маршал Тито“ бб. со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Љупчо Митровски, секретар, а се запишува новиот застапник Благој Младеновски, в. д. секретар без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег бр. 519/89. (216)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 543 од 30. VI 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2346-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на Земјоделската задруга под фирма: Земјоделско-сточарска задруга „Козјак“, О. Сол. О., с. Рожден — Кавадарци. Задругата е основана со самоуправна спогодба за здружување на земјоделците на 6. VI. 1988 година од 17 основачи и тоа: Рамов Ристо Шепендиев Ило, Шепендиев Ристо, Којчев Лазо, Орешков Бошко, Шепендиев Стојан, Окардов Стојан, Ѓорѓев Петко, Младенов Ѓорѓи, Стаманџиев Крсте, Павлов Апостол, Честојанов Ристо Сакалиев Цветко, Богев Атанас, Трајков Тасе, Летников Даниел и Ризов Ѓело.

Основна дејност: 020110 — полјоделство; 020140 — сточарство; 020120 — овоштарство.

Споредни дејности: 020201 — земјоделски услуги за растително производство; 020202 — земјоделски услуги во сточарството; 020302 — рибарство на реки и рибници; 013200 — производство на сточна храна; 013041 — колење на стока; 013050 — преработка на млеко; 013030 — преработка и конзервирање на зеленчук; 013115 — производство на рано овошје; 013010 — мелење на житарици; 013127 — производство на освежителни пијалаци; 030003 — искористување на шуми, лековити растенија; пчеларење; 030001 — одгледување на шуми; 030002 — заштита на шуми; 030004 — лов и одгледување на дивеч; 080111 — туристички објекти со сезонско работење; 070211 — трговија на големо со житарици и млински производи; 070212 — трговија на големо со зеленчук, овошје и нивни преработка; 070214 — трговија на големо со стока и живина; 070219 — трговија на големо со животни намирници и производи за домашни употреби; 070111 — трговија на мало со леб, печива, млеко и млечни производи; 070132 — трговија на мало со мешани стоки; 020123 — трговија на мало со електротехнички стоки.

Задругата во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица задругата одговара со сите свои средства.

За обврските на задругата сторени во правниот промет одговараат и задругарите во висина од 14.774.000 динари во висина од петкратниот износ од секој влог поединечно по задругар.

Лице овластено за застапување е Којчев Лазо, в. д. директор, без ограничување

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 543/89. (226)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 525 од 26. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр 2-2340-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на задругата под фирма: Транспортна задруга „Автопревоз“, П. О., Кавадарци, ул. „Блажо Алексов“ бр. 55-1/4.

Основачи на задругата се: Темов Петар, Стојанов Благоја; Ѓорѓиев Ристо, Најдов Трајче, Манастирски Атанас, Костадинов Христо, Постолски Воин, Тодоров Раде, Дафчев Стојан, Лазов Павле и Андрев Наќе.

Дејност: 060502 — превоз на стоки во друмскиот сообраќај, превоз на товарни, локални и на подолги релации, со камиони, трактори и други моторни возила со приколка и без приколка и со запрежни коли; 060503 — услуги во друмскиот сообраќај.

Транспортната задруга во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет задругата одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување е Темов Петар, в. д. работоводен орган, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 525/89. (227)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 540 од 19. VI 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2152-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на седиштето и проширувањето на дејноста со следните податоци: Досегашното седиште на Градежно-занаетчиската задруга „Конструктор", Р. О., Скопје, ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин" бр. 50, се менува и во иднина ќе гласи: Градежно-занаетчиска задруга „Конструктор", Р. О., Скопје, ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 34.

Се запишува проширувањето на дејноста со 110402 — проектирање на градежни објекти; 110403 — останато проектирање; 110404 — инженеринг.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 540/89. (231)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 568 од 22. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-1889-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Градежно-занаетчиската задруга „Пелистер", Р. О., Скопје, ул. „Партизански одреди" бб, со следните податоци: Се брише Најдовски Ацо, в. д. директор, без ограничување, а се запишува новиот застапник Андреевски Андре, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 568/89. (234)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег .бр. 565 од 22. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 3-1445-0-0-0, го запиша во судскиот регистар престанокот на Самоуправната интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците на општината Карпош, со целосна одговорност, Скопје, ул. „Кочо Рацин" бр. 91, согласно Законот за престанок на СИЗ и согласно член 151е и 151ж од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 4/89).

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 565/89. (235)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 564 од 22. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 3-1494-0-0-0, го запиша во судскиот регистар престанокот на Самоуправната интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците на општината Гази Баба — Скопје, со целосна одговорност, ул. „Кочо Рацин" бр. 91, согласно Законот за измени и дополненија на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 564/89. (236)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 403 од 17. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-198-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Работната организација Народен театар, Ц. О., Куманово, ул. „Кирил и Методиј" бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Станковски Јовица, директор, а се запишува новиот застапник Гојковиќ Љубица, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 403/89. (149)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 135 од 19. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 585 ја запиша во судскиот регистар промената на фирмата на Работната организација за згрижување, воспитание и образование на деца од предучилишна возраст „Втори септември" — Демир Хисар, со следните податоци: Се менува фирмата на Комбинираната детска установа „Втори септември" — Демир Хисар и истата гласи: Работна организација за згрижување, воспитание и образование на деца од предучилишна возраст „Втори септември" — Демир Хисар, со Ц. О.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 135/89. (173)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 514 од 15. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2060-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на споредната дејност на Земјоделската задруга „Агротик" — Кавадарци, со следните податоци: Се запишува проширувањето на споредната дејност со:

070212 — зеленчук, овошје и преработки; 070214 — добиток и живина; 070222 — сурова кожа, волна и гума; 070224 — градежен, санитарен и инсталационен материјал; 070225 — хемиски производи, бои и лакови; 070250 — трговија на големо со мешани стоки.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 514/89. (223)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 425 од 28. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2201-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената — проширувањето на дејноста на Градинарско-земјоделската задруга „Маккомерц", Р. О., с. Марена — Кавадарци, со следните податоци: Се запишува проширувањето на споредните дејности и со:

070214 — добиток и живина;

070219 — разни животни продукти и производи за домашни потреби;

070221 — текстил и конфекција;

070223 — метални и електротехнички стоки;

070223 — трговија на големо со возила, делови и прибор;

070250 — трговија на големо со мешани стоки;

110309 — неспомнати услуги во областа на прометот — посредништво, вршење на комисиони работи во областа на прометот на стоки и сл.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 425/89. (224)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 447 од 13. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 3-1460-0-0-0, го запиша во судскиот регистар престанокот на СИЗ со следните податоци: Се запишува престанокот на Самоуправната интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците, со Ц. О., Кавадарци, ул. „ЈНА" бр. 11, заради престанување на важноста на Законот за старосно осигурување на земјоделците.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 447/89. (225)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 122 од 14. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 310, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Централното основно училиште „Браќа Миладиновци", с. Жван, со следните податоци: Лице овластено за застапување е Несторовски Ристо, привремен управник, со неограничени овластувања.

Му престанува овластувањето на Ристевски Илија.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 122/89). (171)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 550 од 16. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-551-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Централното основно училиште „Кочо Рацин“, Ц. О. Нов Дојран со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Тасев Ристо, директор, а се запишуваат привремени мерки и Динчо Бошнаков, претседател на привремениот одбор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 550/89. (213)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 506 од 7. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-454-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Основното училиште „Маршал Тито“, со Ц. О., с. Лопате — Куманово, со следните податоци: Се брише Александар Петрушевски, в. д. директор, без ограничување, а се запишува новиот застапник Ќемал Сакипи, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 506/89. (215)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 804/89 од 22. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-1663-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејноста на Услужно прометната задруга „Емона-Промет“, Р. О., Скопје, ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 36, со следните податоци: Се запишува проширувањето на дејноста со:

070250 — трговија на големо и промет со мешовита стока.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 804/89. (254)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 787/89 од 18. VIII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2255-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејноста и промената на лицето овластено за застапување со следните податоци: Се запишува проширување на дејноста со: 070211 — трговија на големо со жито и мелнички производи.

Се брише досегашниот застапник Мемети Ким, директор, а се запишува новиот застапник Абдула Абдула, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 787/89. (255)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 655/89 од 17. VIII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2157-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејноста на Производно услужната задруга за изработка и вградување на метална и пластична галантерија и завршни работи во градежништвото „Феропласт“, Р. О., Скопје, ул. „Иво Лола Рибар“ бб, со следните податоци:

Се проширува дејноста со: трговија на големо со мешовити стоки; — трговија на големо со метални и електротехнички стоки; — трговија на оглемо со градежен санитарен и инсталационен материјал; — трговија на големо со хемиски производи, бои и лакови.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 655/89. (256)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 561/89 од 7. VIII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1819-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејноста на Спортско рекреативниот центар „25 Мај“, Р. О., Титов Велес — во основање ул. „Алексо Демниев“ бб, со следните податоци: се проширува дејноста со 080121 — ресторани со услужување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 561/89. (270)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 480 од 8. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-107-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на својството на лицето овластено за застапување на Работната организација за згрижување, воспитание и образование „Братство-Единство“, Ц. О., Скопје, ул. „Цветан Димов“ бр.49, со следните податоци: Досегашниот в. д. директор Кировска Јелена, се запишува како директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 480/89. (241)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 334 од 28. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-2230-0-0-0, го запиша во судскиот регистар конституирањето на основното училиште под фирма: Основно училиште „Кирил и Методиј“, Ц. О., Тетово, ул. „Видое Смилевски Бато“ бб.

Основното училиште е основано со Одлука за основање бр. 0801-479/1 од 14. IV. 1988 година, на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата Тетово.

Дејност: 120111 — предучилишно и основно воспитание и образование.

Во правниот промет со трети лица училиштето истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица училиштето одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување е Олгица Тодоровска, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 334/89. (244)

### ЗАГУБЕНИ ПЕЧАТИ

Загубениот мал благајнички печат под назив: „Стопанска банка — Основна банка — Скопје 118“ се огласува за неважен.

Загубениот голем благајнички печат под назив: „Стопанска банка — Основна банка — Скопје 119“ се огласува за неважен.

# МАЛИ ОГЛАСИ

**Се огласуваат за неважни следните загубени документи:**

Меница бр. 15354656/651 на износ 150.000.000 динари, издадена во Сараево на 15. V. 1989 година, со достасаност на 8. VIII. 1989 година, трасант Шипад-Комерц — ООУР Велепродаја — Намештај — Сараево — авалист Основна банка Југобанка — Сараево.

Работна книшка, издадена од СО — Крива Паланка на име Трајковска Гордана, ул. „Маршал Тито“ бр. 62, Крива Паланка. (3761)

Работна книшка на име Виолета Анастасиева, Кочани. (3768)

Работна книшка на име Трајчев Бранко, ул. „Вардарска“ бр. 58, Титов Велес. (3770)

Работна книшка на име Љубица Трајчевска, Берово. (3772)

Работна книшка на име Сузана Матоска, Берово.

Работна книшка на име Милка Поповска, Делчево. (3786)

Работна книшка на име Амет Мустафи, Куманово.

Работна книшка на име Маре Лазарова, Радовиш.

Чековна книшка бр. 807101550019160, издадена од Југобанка — Скопје на име Славковски Бранислав, ул. „Пресека“ бр. 1,а, Скопје.

Пасош, издаден од СВР — Куманово на име Благојка Петрушевска, ул. „Н. Тесла“ бр. 10, Куманово. (3809)

Работна книшка на име Ружица Авраледок, ул. „Зубрар Идсиќ“ бр. 1-б, Струга. (3810)

Работна книшка на име Ванчо Веселинов, Кочани. (3822)

Работна книшка на име Јорданчо Темелков, Виница. (3826)

Чекови од бр. 2905591 до 2909600 издадени од Југобанка — Скопје на име Срећко Симуноски, ул. „Смољани“ бр. 7, Скопје. (3831)

Чек бр. 2985957, издаден од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Раде Наумовски, Скопје.

Воена книшка на име Шериф Фетиши, с. Слатино, Тетово. (3843)

Работна книшка на име Сабри Салини, Тетово.

Тековна сметка бр. 16146/9, издадена од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Грозда Данова, Скопје. (3869)

Жиро сметка бр. 40100-620-37-00-8005-14-50-01109-1, издадена од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Ана Огњеновиќ Пандилова, Скопје. (3870)

Решение за основање угостителски дуќан — чајџилница УП. бр. 12-10118 од 26. II. 1986, издадено од СО — Центар — Скопје на име Бујамин Ајети, Скопје. (3871)

Работна книшка на име Мехмед Дедиќ, Струга.

Работна книшка на име Авди Зенели, Куманово.

Работна книшка на име Ацо Јовановски, Куманово. (3882)

Работна книшка на име Ќиров Ангел, ул. „8 Март“ бр. 9, Титов Велес. (3883)

Тековна книшка бр. 17-171-4, издадена од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Шабан Мемедов, ул. „Боро Менков“ бр. 3, влез III/9, Скопје.

Работна книшка на име Стојан Митев, Кочани.

Работна книшка на име Јанко Вангеловски, Виница. (3898)

Работна книшка на име Шебриет Ризвани, ул. „Ристо Крле“ бр. 40, Струга. (3899)

Работна книшка на име Фуат Јускоски, с. Лабуниште, Струга. (3900)

Работна книшка на име Јашар Јашари, Гостивар.

Работна книшка на име Николина Стојчева, Штип. (3907)

Работна книшка на име Јоцо Атанасов, Кочани.

Тековна сметка бр. 80710-40-51, издадена од Стопанска банка — Кочани на име Ратка Арсова, ул. „4 Јули“ бр. 49, Кочани. (3909)

Работна книшка на име Петре Тодоров, Виница.

Воена книшка на име Перо Бошковски, с. Проевци, Куманово. (3911)

Работна книшка на име Јовица Митевски, Куманово. (3912)

Работна книшка на име Јусуф Сулејмани, Тетово.

Тековна книшка бр. 80710, издадена од Југобанка на име Милчо Соколов, ул. „Круме Волнароски“ бр. 7, Кочани. (3920)

Тековна сметка бр. 509/25 и чекови од број 3899273 до 3899280, издадени од Стопанска банка — Штип на име Зоранчо Јованов, ул. „121“ бр. 36, Кочани. (3922)

Работна книшка на име Злате Николоски, Прилеп. (3925)

Воена книшка на име Самет Расими, с. Милетино, Тетово. (3926)

Тековна сметка бр. 1161/83, издадена од Стопанска банка — Основна банка — Штип на име Стефан Стаменов, ул. „Љ. Сајтов“ бр. 7, Кочани. (3929)

Работна книшка на име Светлана Христовска, Прилеп. (3934)

Работна книшка на име Љубинка Младеновиќ, Куманово. (3935)

Работна книшка на име Анче Костадинов, Кочани. (3941)

Работна книшка на име Ибрахим Керими, Куманово. (3947)

Потврда од Авто школа на име Шаби Шабани, ул. „Перо Илиевски“ бр. 9-а, Куманово. (3948)

Уверение за прва помош на име Шаби Шабани, ул. „Перо Илиевски“ бр. 9-а, Куманово. (3949)

Работна книшка на име Тодор Младеновски, Куманово. (3950)

Работна книшка на име Ѓорѓи Итритов, Штип.

Возачка дозвола на име Арун Сула, с. Долно Татеши, Струга. (3957)

Работна книшка на име Боне Танушев, Струмица.

Тековна сметка бр. 80710-155-0041631 и чек бр 3043220, издадени од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Глишо Ристевски, Скопје. (3965)

Работна книшка на име Соњица Николовска, Куманово. (3968)

Уверение за положено возачка етика на име Шаби Шабани, ул. „Перо Илиевски“ бр. 9-а, Куманово. (3969)

Пасош на име Јордан Малинов, ул. „Брегалница“ бр. 47, Штип. (3974)

Возачка дозвола на име Илија Андоновски, ул. „Партизанска“ бр. 9, Пробиштип. (3976)

Возачка дозвола на име Ванчо Андонов, ул „Партизанска“ бр 9, Пробиштип. (3977)

Воена книшка на име Идрис Миллаими, ул. „146“ бр. 45, Тетово. (3981)

Воена книшка на име Вели Велија, с. Требош, Тетово. (3983)

Работна книшка на име Фадил Адеми, Тетово.

Решение за привремено неспособен за 4 години за војска, издадено од Воена пошта 4470/10 — Шибеник на име Сустафа Енвер, Скопје. (3998)

Воена книшка на име Хазис Османи, ул. „И. Р. Лола“ бб, Тетово. (4004)

Воена книшка на име Љубе Ристовски, Делчево.

Тековна сметка бр. 1984/54 и чекови од број 3905609 до бр. 3905610 на име Ангелчо Панов, ул. „Д. Влахов“ бр. 91, Кочани. (4014)

Возачка дозвола на име Сатки Исмани, ул. „Вон Вардарска“ бр. 20. Тетово. (4016)

Воена книшка на име Махир Беќири ,ул. „Иво Рибар Лола“ бб, Тетово. (4017)

Работна книшка на име Екрем Зендели, Тетово.

Работна книшка на име Миџаит Ибраими, Гостивар. (4021)

Возачка дозвола, издадена од СВР — Тетово на име Џемаил Зибери, с. Желино, Тетово. (4026)

Возачка дозвола, издадена од СУП — Ливно на име Шемседин Исмаили, с. Седларце, Тетово. (4027)

Работна книшка на име Исак Муетофи, Тетово.

Работна книшка на име Рамис Кокуш, Гостивар.

Воена книшка на име Седула Сељами, с. Отља, Куманово. (4046)

Возачка дозвола, издадена од СВР — Тетово, на име Мустаф Асани, с. Челопек, Тетово. (4049)

Воена книшка на име Исмије Зендели, с. Пршовце, Тетово. (3256)

Чековна карта бр. 07430/07 по тековна сметка 07430/07 и чекови од бр. 23495391 до бр. 23495400 по тековна сметка 07430/07, издадени од Стопанска банка — Основна банка — Скопје на име Огњан Карамика, булевар „Маркс и Енгелс“ бр. 1/4-8 — Скопје. (4054)

Штедна книшка бр. 260732/65, издадена од Стопанска банка — Основна банка — Скопје на име Ванчо Аризановски, Скопје. (4059)

Свидетелства од I, II, III и IV година и диплома, издадени од Гимназијата „Гоце Делчев“ — Куманово на име Стефановска Катерина, Куманово. (4060)

Работна книшка на име Идајете Незиревиќ, Ѓорче Петров. (4061)

Решение за угостителски дуќан УП. бр. 12-6617 од 17 I 1984 година, издадено од СО — Центар — Општински секретаријат за стопанство и труд на име Благоја Дојчиновски и Тодор Андонов, ул. „Луј Пастер“ бр. 3-а, Скопје. (4066)

Работна книшка на име Трајанка Илиевска, Крива Паланка. (4069)

Воена книшка на име Нухи Бајрами, с. Боговиње, Тетово. (4074)

Воена книшка на име Боге Ристовски, с. Јанчиште, Тетово. (4075)

О Б Ј А В А

Врз основа на член 35 од Општествениот договор за измени и дополнувања на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи („Службен весник на СРМ“ бр. 18/87), Координациониот одбор

О Б Ј А В У В А

планирани елементи за примена на мерилата за распоредување на чистиот доход

1. Просечниот месечен пресметан чист личен доход по работник, без средства за непосредна заедничка потрошувачка за септември 1989 година изнесува 4.900.000 динари.

2. Просечниот месечен пресметан чист личен доход по работник, без средства за непосредна заедничка потрошувачка за периодот јануари — септември 1989 година изнесува 2.120.000 динари.

3. Средствата за непосредна заедничка потрошувачка по работник за 1989 година изнесуваат 2.400.000 динари.

Со оваа точка соодветно се менува точката 3 од Објавата на Координациониот одбор во „Службен весник на СРМ“ бр. 25/89.

4. Просечната стапка на акумулативност во стопанството на СРМ (за ОЗТ кои работат без загуба) и просечните стапки на акумулативност на сродните дејности за периодот јануари — јуни 1989 година, објавени во Објавата на Координациониот одбор во „Службен весник на СРМ“ бр. 25/89 (точка 4), ќе се применуваат и за периодот јануари — септември 1989 година.

Координационен одбор
Претседавач,
**Душан Петревски**, с. р.

## СОДРЖИНА

Страна

625. Одлука за помилување на осудени лица 633
626. Одлука за изменување на Одлуката за висината на посебниот надоместок што се плаќа за друмските моторни возила — 633
627. Одлука за доделување на позајмица за геолошки истражувања на минерални суровини — — — — — — — — — 633
628. Одлука за утврдување на висината на надоместокот за одвоен живот од семејството — — — — — — — — — 634
629. Одлука за висината на дневниците за службени патувања во земјата на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации и на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — — — — — — — — — 634
630. Наредба за утврдување на износот на основиците од кои се определуваат месечните парични износи на корисниците на права според Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди во 1989 година 634
631. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 112/89 од 5 јули 1989 година — 635
632. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 172/88 од 12 јули 1989 година — 635
633. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 148/88 од 6 септември 1989 година 636
634. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 263/85 од 6 септември 1989 година 636
635. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 193/88 од 6 септември 1989 година 636
636. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 126/89 од 13 септември 1989 година 637
637. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 142/89 од 13 септември 1989 година 637
638. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 65/89 од 13 септември 1989 година 638
639. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 114/89 од 6 септември 1989 година 638
640. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на основица и стапка за пресметување на придонесот за Стопанската комора на Македонија — — 639

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ

279. Одлука за аконтативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1989 година — — — 639
280. Одлука за најнизок износ на пензија од 1 септември 1989 година — — — — 640
281. Одлука за граничниот износ на најниското пензиско примање од 1 септември 1989 година — — — — — — — — — 641
282. Одлука за измени на Одлуката за определување на надоместокот на трошоците за сместување и исхрана на деца и младинци со пречки во психичкиот и физичкиот развој и инвалидите на трудот за 1989 година — — — — — — — — 641
283. Одлука за измена на Одлуката за учеството на корисниците во трошоците за здравствена заштита — — — — — — 641
284. Одлука за утврдување на најниskiот износ на надоместокот на трошоците за закоп на корисниците на здравствена заштита — — — — — — — — — 642
285. Одлука за утврдување најнискиот износ на дневниците на корисниците на здравствена заштита кои се упатуваат на преглед и лекување во друго место — — 642

КРУШЕВО

286. Одлука за престанок на Основната СИЗ на пензиското и инвалидското осигурување — Крушево — — — — — — 642

ОХРИД

287. Одлука за престанок на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување — Охрид — — — — — — 643

РЕСЕН

288. Одлука за престанок на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување — Ресен — — — — — — 643
**Објава** за планирани елементи за примена на мерилата за распоредување на чистиот доход — — — — — — — — 648

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје. ул. „Васил Ѓоргов“ бб. Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**